Соопштение за јавност 2.09 2018

(Свети Николе, 12. Септември, 2018): Здруженијата на граѓани од општина Свети Николе одржаа средба на која разговараа за придобивките и предизвиците од зачленување на Македонија во ЕУ и НАТО.

Учесниците се фокусираа на досегашната соработката и подршката што ја дава ЕУ , процесите кон европска интеграција на земјата, со истовремено обезбедување на важна улога на НВО и граѓаните во овие процеси за модерна, мирна и просперитетна иднина на земјата, со развиена демократија, унапредување на човековите права и слободи и родова еднаквост.

НВО на територијата на општина Свети Николе ја бараат подршката од локалната самоуправа која ќе биде поттик за самоодржливост на истите.

Учесниците се согласија да се зголеми соработката помеѓу НВО секторот во правец на вклучување на младите во спортот културата и уметноста.

Посебно значење беше дадено на референдумот кој треба да се одржи на 30.09,2018 година на кој треба да се донесе конечна историска одлука за трасирање на патот кон ЕУ и НАТО. Многу е важно сите заедно да се обединиме во овој историски момент за одржлив мир, економски развој и членство во ЕУ и НАТО .

Ние граѓаните мора да ја преземеме нашата одговорност за иднината, подеднакво со сите . Ние мора да бидеме маси што ќе одлучиме за иднината и не смееме да дозволиме други да одлучуваат за нас.

Учесници на состанокот:

Граѓанска иницијатива на жени ГИЖ- Свети Николе

Овчеполка -Свети Николе

Извиднички одред Гоце Делчев- Свети Николе

Доброволно противпожарно друштво-ДПД Свети Николе

Здружение на инвалидни пензионери

Здружение на борци од НОБ-Свети Николе

Здружение на пчелари – Свети Николе

Здружение на пензионери-Свети Николе

ГМ, Д „Свети Никола"

Спортско друштво „Борање" - Св. Николе -

МСС Свети Николе

Ж р к - О. Горне - С У -

ЗЗП - „Овчеполски Аграр" Дејан Гичев

---

---

---

---